РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3695/1
26.08.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 17, а во врска со член 152 став 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик („Службен весник на РМ" бр.40/06, 136/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ" бр.98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24) и член 15 став 1 алинеја 17 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-3632/1 од 22.8.2025 г., по повод Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје, арх.бр.09-4408/1 од 9.8.2025 г. („Службен весник на РСМ" бр.167/25), донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДЛОЖУВА носењето на одлука за објавување на јавен конкурс за избор на директор и заменик на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до завршувањето на изборите за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје.

2. Одлуката за објавување на јавен конкурс за избор на директор и заменик на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да се донесе во рок од 15 дена од денот на завршувањето на изборите за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје.

3. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

## Образложение

Согласно член 152 став 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), Советот ќе донесе одлука за објавување на јавен конкурс за избор на директор и заменик на директор на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на донесувањето на Деловникот за работа на Агенцијата. Изборот на директор и заменик на директор ќе се изврши во согласност со одредбите од овој закон и со Деловникот за работа на Агенцијата.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на осмата седница одржана на 21.8.2025 година донесе Деловник за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-3632/1 од 22.8.2025 г.

Собранието на РСМ, на 9 август 2025 година, со Решение арх.бр.09-4408/1 од 9.8.2025 г. („Службен весник на РСМ" бр.167/25) распиша избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје.

Согласно член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.

Следствено на тоа, се одлучи дека се одложува донесувањето на одлуката за објавување на јавен конкурс за избор на директор и заменик на директор на Агенцијата до завршувањето на изборите за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје. Наведената одлука да се донесе во рок од 15 дена од денот на завршување на изборите за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје.

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

Врз основа на напреднаведеното, се донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Доставено до:**
- Совет на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Директор на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Сектор за правни работи и јавни набавки и
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архивата.